# Посебни услови за осигурување на зголемени ризици (анормален ризик) со осигурување на живот

Друштво за животно осигурување СИГАЛ ЛАЈФ А.Д Скопје, Бул. Илинден 1 , 1000 Скопје, тел. 02 3288 820. факс 02 3215 128, www.sigal.com.mk
Овие услови се донесени на редовна седница на Управен одбор одржана на 06.03.2026 година и со одлука бр. 0204-31/1 се применуваат од 06.03.2026 година

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

**1.** Овие Посебни услови за осигурување на зголемени ризици со осигурување на живот (во понатамошен текст **Посебни услови**) се составен дел на договорот за осигурување на живот како и на Дополнителните осигурувања на лица со осигурување на живот, што договорувачот ги склучува со друштво СИГАЛ ЛАЈФ (во понатамошен текст **осигурувач**)

**2.** Овие посебни услови се применуваат кога тоа е утврдено со условите на осигурувачот или договорено со одделен договор за осигурување.

**Член 2**

**1.** Осигурената сума и премија која треба да се плати за анормален ризик се одредува според овие Посебни услови.

**2.** Доколку за некој вид на анормален ризик не е предвидена премија по овие Посебни услови, осигурувачот и договорувачот спогодбено договараат премија.

**Член 3**

**1.** Лицата кои се наоѓаат на лекување не можат, по правило, да договорат осигурување додека не завршат со лекувањето.

**2.** Како исклучок од став (1) на овој член, осигурувачот може, врз основа на процената на ризикот, да го прифати во осигурување и лицето кое се наоѓа на лекување.

**Член 4**

**1.** Кај осигурувањето на живот, анормалниот ризик се проценува врз основа на болеста на осигуреникот.

**2.** Кај дополнителните осигурувања, кои се договараат со осигурување на живот, анормалниот ризик се проценува врз основа на:

**(а)** Инвалидитет на осигуреникот, при осигурување на лице од последици на несреќен случај;

**(б)** Нивото на болест на осигуреникот, при осигурување на тешко болни лица.

## II. ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ

**Член 5**

**1.** Премијата на анормалниот ризик при осигурување на живот поради болест на осигуреникот се одредува со зголемување на пристапната старост на осигуреникот:

- 3 години за болести од анормални ризици ознака I;
- 6 години за болести од анормални ризици ознака II;
- 9 години за болести од анормални ризици ознака III.

**2.** Освен зголемена пристапна старост при осигурување на живот, осигурувачот може да одреди, како привремена мера, одложување на прифаќањето на барањето односно обновата:

а. до целосно излекување, односно

б. за одредено време, а најдолго до една година.

**3.** Заради особено тешки анормални ризици осигурувачот може да го оцени осигуреникот како апсолутно неспособен за осигурување на живот (Ознака за болест 0 од анормални ризици).

**4.** Болести во акутна фаза кои бараат дијагноза или третман не може да бидат прифатени со осигурување пред лекување на акутната фаза.

**5.** Малигни заболувања не се прифаќаат во осигурување, без оглед на резултатите добиени од страна на медицинскиот третман.

**6.** Ако потенцијалното осигурено лице е болен од две или повеќе болести кои претставуваат различни анормални ризици, но не се патофизиолошки поврзани, се добива повисока оценки за анормални ризици, односно оценките не се собираат (мултиплицираат).

**7.** Во случај на две болести кои претставуваат ист ризик, но се патофизиолошки поврзани, анормалниот ризик се зголемува и преминува на повисоко ниво.

## III. ДОПОЛНИТЕЛНИ ОСИГУРУВАЊА НА ЛИЦА ОД ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ

**Член 6**

**1.** Премијата на анормалниот ризик при дополнително осигурување на лица од последици на несреќен случај се одредува така што премиските стапки на осигурувањето на незгоди од Ценовникот односно премијата се зголемува за одреден процент.

**2.** За Лицата кај кои е утврден инвалидитет според Таблицата на инвалидитет како последица на несреќен случај (незгода), премиските стапки на осигурување на незгоди од Ценовникот односно премијата се зголемува за одреден процент:

- 25% кога инвалидитетот изнесува од 10% до 50%;
- 50% кога инвалидитетот изнесува од 50% до 75%;
- 75% кога инвалидитетот изнесува од 75% до 99%;
- 100% кога инвалидитетот изнесува 100%.

**Член 7**

**1.** Премијата на анормалниот ризик поради болест на осигуреникот при дополнително осигурување на тешко болни состојби се одредуваат со зголемување на пристапната старост на осигуреникот:

- 3 години за болести од анормални ризици ознака I;
- 6 години за болести од анормални ризици ознака II;
- 9 години за болести од анормални ризици ознака III.

**2.** Осигурувачот може да го оцени осигуреникот, кај кој предходно е утврдена било која од состојбите на болести што се осигуруваат во осигурување на тешко болни состојби, односно кој на денот на склучување на договорот за осигурување се лекува од некоја од тие болести или од неговата медицинска документација е очигледно дека таа болест е во настанување, како апсолутно неспособен за осигурување или да го прифати во осигурување со исклучување на таа болест.

## IV. ПОПИС НА БОЛЕСТИ

**Член 8**

Пописот на болести со ознака за секоја одделна болест, врз основа на кој се проценува степенот на анормалниот ризик, отпечатен е во табелата на овие Посебни услови и претставува составен дел.

### ПОПИС НА БОЛЕСТИ ЗА ПРОЦЕНА НА АНОРМАЛЕН РИЗИК

| Шифра | Назив на болест | АР |
|---|---|---|
| **1.** | Болести предизвикани од нарушување на функцијата и/или морфологијата на централниот нервен систем | |
| 1.01 | Преболен цереброваскуларен со моторичко нарушување на екстремитетите, говорот, памтењето, голтање, инконтиненција на столицата и мокрење | 0 |
| 1.02 | Транзиторна исхемичка атака | II - III |
| 1.03 | Епилепсиа | I |
| 1.04 | Дебилитет, имбецилитет. Идиотија, кретенизам | 0 |
| 1.05 | Хроничен ПТСП | 0 |
| 1.06 | Мултиплекс Склероза | III |
| 1.07 | Миастенија гравис | III |
| 1.08 | Паркинсонова болест | III – 0 |
| 1.09 | Повреда на `рбетниот мозок со последична плегија/парализа | III |
| 1.10 | Шизофренија | 0 |
| 1.11 | Психози | 0 |
| 1.12 | Афективно нарушување | 0 |
| 1.13 | Психоневроза | I |
| **2.** | Болести на сетилните органи | |
| 2.01 | Глауком двостран | I |
| 2.02 | Потполно слепота на двете очи | I |
| 2.03 | Глувота, двострана | II |
| 2.04 | Мениерова болест | II |
| 2.05 | Невриноm | I |
| 2.06 | Тумори на параназалните синуси | III |
| **3.** | Срцеви заболувања и циркуларниот систем | |
| 3.01 | Исхемична болест на срцето | 0 |

| | | |
|---|---|---|
| 3.02 | Состојба по инфаркт со намален контрактилит мокардот или намалена ЕФ | 0 |
| 3.03 | Состојба по инфаркт со намален контрактилит мокардот или ЕФ | III |
| 3.04 | Кардиомиопатија | III – 0 |
| 3.05 | Суправентикуларни нарушување на ритамот, пароксизмална фибрилација на атриуми | II |
| 3.06 | Пароксизмална фибрилација на атриуми | I |
| 3.07 | Вентрикуларни нарушување на ритамот | III |
| 3.08 | Блокови на гранките | I |
| 3.09 | Грешки на валутите | III |
| 3.10 | Грешки на валутите, оперирани | II |
| 3.11 | Висок притисок со вредности на дијастолниот крвен притисок од 100mmHG | I |
| 3.12 | Висок притисок со вредности на дијастолниот крвен притисок од 115mmHG | II |
| 3.13 | Висок притисок со вредности на дијастолниот крвен притисок од 115mmHG со промени на срцето или очната задача | 0 |
| 3.14 | Хиперлипопротеинемија | I – II |
| 3.15 | Генерализирана артеросклероза | II – 0 |
| 3.16 | Анеуризми на крвни вени | 0 |
| 3.17 | Интермитентна клаусикација | III |
| 3.18 | Состојба по миокардитис | II – 0 |
| 3.19 | Состојба по перикардитис | I |
| 3.20 | Состојба по ендокарситис | III |
| 3.21 | Cor pulmonar | III – 0 |
| 3.22 | Длабока венска тромбоза | II – III |
| 3.23 | Состојба на емболија на белите дробови | II |
| 3.24 | Варикозитети на вените на нозете | I – II |
| 3.25 | КОПБ | II – III |
| 3.26 | КОПБ во завршна фаза на болест | 0 |
| 3.27 | Бронхална асма | I |
| 3.28 | Пневмокониоза | III - 0 |
| 3.29 | Турбекулоза во прогресивна фаза | 0 |
| 3.30 | Состојба по санирана туберкулоза на белите дробови | I–II |

**4.** Болести на дигестивниот систем

| | | |
|---|---|---|
| 4.01 | Чир на желудникот | I – II |
| 4.02 | Чир на дванаесеттопалачното црево | I |
| 4.03 | Ерозивен гастритис | I – II |
| 4.04 | Воспалителна болест на црево | III |
| 4.05 | Дивертикулоза на дигестивниот систем | II |
| 4.06 | Кила (Lipoma) | I |
| 4.07 | Ехинококоза или цистична јетра | II |
| 4.08 | Хроничен хепатит Б или Ц | III |
| 4.09 | Цироза на црниот дроб без компликации | III |
| 4.10 | Цироза на црниот дроб со компликации | 0 |
| 4.11 | Хроничен панкеатитис | III |
| 4.12 | Жолчни камења | I |
| 4.13 | Хронично воспаление на жолчката | II |

**5.** Болести на уринарниот систем

| | | |
|---|---|---|
| 5.01 | Бубрег што не работи, другиот бубрег здрав | III |
| 5.02 | Бубрег што не работи, другиот бубрег оштетен | 0 |
| 5.03 | Бубрежни камења | II |
| 5.04 | Хидронефроза | 0 |
| 5.05 | Инконтиненција на урината | I |
| 5.06 | Гломерулонефритис со последици | 0 |
| 5.07 | Нефросклероза | III |
| 5.08 | Хроничен пиелонефритис | II |
| 5.09 | Хронично затајување на бубрезите | 0 |
| 5.10 | Хипертрофија на простата | II – 0 |
| 5.11 | ТБЦ на бубрезите | 0 |

**6.** Болести на жлездите со внатрешно излачување

| | | |
|---|---|---|
| 6.01 | Мб Adison | 0 |
| 6.02 | Автоимуни болести на тироидната жлезда | II |
| 6.03 | Хипертиреоза | II |
| 6.04 | Хипотиреоза | II |
| 6.05 | Тиреотоксикоза | III |
| 6.06 | Cushing-ова болест | III |
| 6.07 | Дијабетес мелитус | III |
| 6.08 | Дијабетес мелитус со вред. на ГУК над 13 umol/l | 0 |
| 6.09 | Интолеранција на гликоза | I |
| 6.10 | Гихт | I |

**7.** Крвни болести

| | | |
|---|---|---|
| 7.01 | Агранулоцитоза | 0 |
| 7.02 | Апластична анемија | 0 |
| 7.03 | Пернициозна анемија со исклучување на малигна болест во подлогата | II |
| 7.04 | Хемофилија | III – 0 |
| 7.05 | Есенцијална полицитемија | 0 |

**8.** Кожни болести

| | | |
|---|---|---|
| 8.01 | Системски еритематоден лупус | 0 |
| 8.02 | Системска склероза | 0 |
| 8.03 | Пемфигус | 0 |
| 8.04 | Псоријаза | II |
| 8.05 | Бактериски болести на кожата | I |

**9.** Болести на зависност

| | | |
|---|---|---|
| 9.01 | Хроничен алкохолизам | 0 |
| 9.02 | Користење на дрога | 0 |
| 9.03 | Пушење | I |

**10.** Болести на органите за движење

| | | |
|---|---|---|
| 10.01 | Мускулна дистрофија | 0 |
| 10.02 | Реуматоиден артритис | III – 0 |
| 10.03 | Анкилозантен спондилитис | II |
| 10.04 | Рецидивирачки остеомиелитис | II |
| 10.05 | Кифосколиоза без оперативна терапија | II |
| 10.06 | Кифосколиоза – оперативно лекувана | I |

**11.** Други болести

| | | |
|---|---|---|
| 11.01 | AIDS / СИДА | 0 |
| 11.02 | Отстапување од идеална тежина преку 15 до 25 kg | I |
| 11.03 | Отстапување од идеална тежина преку 15 до 35 kg | II |
| 11.04 | Отстапување од идеална тежина преку 35 kg | 0 |

Забелешки:

Болестите во акутната фаза кои барат дијагностика или лекување не можат да се прифатат во осигурување пред излекувањето на акутната фаза. Таквите баратели треба да се означат со буквата „А“ и да се процени големината на ризикот по завршеното лекување.

Малигните болести не се прифаќаат во осигурување без обзир на постигнатите резултати од лекувањето, освен прекарциноозни болести, т.е. тумор во “in situ” патохистолошки стадиум на болести, по проведената терапевтска постапка, со АРЖ III. Доколку потенцијалниот осигуреник боледува од две или повеќе болести кои претставуваат различен АРЖ, а не се патофизиолошки поврзани, (на пр. Реуматоиден артритис и хипертензија) се зема оцената на поголемиот АРЖ, а оцените не се собираат.

Ако се работи за два болести кои претставуваат еднаков ризик (АРЖ II), а патофизиолошки се поврзани, АРЖ се зголемува и поминува во АРЖ III.

Доколку потенцијалниот осигуреник од две или повеќе болести кои се патофизиолошки поврзани и со тоа здружено ја зголемуваат смртноста (на пр.хиперлипидемија и регулирана хипертензија) ризиците се собираат, додека кај, на пр. комбинација на хиперлипидемија и регуларна хипертензија, барателот не се прифаќа во осигурување и се предлага лекување и повторна оцена на ризикот по шест месеци.

АРЖ I претставува минимален ризик, АРЖ II претставува возможен ризик од смрт во осигурителниот период, а АРЖ III претставува голема веројатност од смрт во годините на осигурувањето.

Отстапување од идеалната телесна тежина до 15 килограми се смета за нормална тежина.